**Многу малку позната но сепак реална е вистината дека село Пожаране, покрај сега постојните пет маала: „Јанковско Маало“, „Долмо Маало“, „Волчевско Маало“, „Печовско Маало“, и „Бучковско Маало“, во минатото го сочинувало и уште едно, познато како „Будевско Маало“.**




**МЕСТОПОЛОЃБА НА „БУДЕВСКО МААЛО“**



***„БУДЕСКО МААЛО“***

Со текот на времето, како што годините одминувале и мештаните од ова маало скоро целосно се иселиле од истото, оние кои сеуште повремено доаѓаат тука во посета на родното огниште, доколку ги запрашате ќе ви одговорат дека се, односно и припаѓаат на „Бучковци Маало“.

Тоа е така затоа што „Будевско Маало“ се наоѓа на западната страна на село Пожаране, каде што се наоѓа и „Бучковци Маало“ така што овие две мала меѓусебно се слепени и испреплетени едно со друго и само заедничкиот пат кој поминува помеѓу двете маала е мошне тенка линија на разграничување.

Впрочем, и до ова маало се стига по истиот пат по кој се стига и до „Бучковци Маало“, пат кој  води од соседното „Волчевско Маало“ па нагоре кон запат се до овие маала на оддалеченост  од околу пет минути одење пеш.





*ПРИСТАПНИОТ ПАТ И ПАТЕКА ДО МААЛОТО*





*НОВОИЗГРАДЕНИ ВИКЕНДИЦИ*







*ПАНОРАМА ОД МААЛОТО*



*СЕЛСКИОТ ВОДОВОД ЛОЦИРАН ВО МААЛОТО*

[illegible]